# ОГЛАС ЗА НАБАВКА

Република Северна Македонија

**Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Крушево**

Предмет на договор: **Адаптација на простор**

Реф.бр. **2.5/2022**

**Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Крушево** доби финансиски средства од Министерството за труд и социјална политика во рамки на проект финансиран со кредит од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска Банка), односно во рамки на Проектот за подобрување на социјалните услуги, во насока на имплементација на Договорот за грант бр.2.5/2022 за развој на социјалната услуга - помош и нега во домот и планира да искористи дел од средствата за исплата, по однос на договор за адаптација на простор.

Набавката ќе се спроведе во согласност со „Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година".

Се упатуваат сите заинтересирани понудувачи од точка 3.14, 3.15, 3.16 и 3.17 од „Прописите за набавки", да ги почитуваат одредбите за судир на интереси во делот каде е дефинирана политика за конфликт на интереси на Светска банка.

Заинтересираните понудувачи може да добијат дополнителни информации и тендерска документација од страна на **Софија Николоска**, од каде може да ја добијат електронската форма на тендерската документација со барање на следната адреса **krusevo@redcross.org.mk**.

Понудите во хартиена форма треба да се доставаат најдоцна до **20.03.2023 до 16:00 часот** на следната адреса:

**Црвен крст на Република Северна Македонија – ОО Крушево**

**ул. Илинденска бр. 13а, 7550 Крушево**.

## БАРАЊЕ ЗА ПОНУДА ЗА НАБАВКА НА АДАПТАЦИЈА НА ПРОСТОР (БР 1)

1. Ве покануваме да ја доставите вашата понуда со цени за набавка на градежни работи за:

   (i) Изработка на таван од гипс картон (набавка и монтажа)
   (ii) Таванска украсна лајсна
   (iii) Таванска светилка (набавка и монтажа)
   (iv) Поставување на подна подлога – ламинат (набавка и поставување)
   (v) Подна лајсна
   (vi) Поставување на ѕидни плочки (набавка и лепење)
   (vii) Поставување на подни плочки (набавка и лепење)
   (viii) Премаз за пред плочки
   (ix) Лепак за плочи
   (x) Фуга за плочки
   (xi) ВЦ школка и казанче со пропратни додатоци - комплет (набавка и монтажа)
   (xii) Аспиратор за вц (набавка и монтажа)
   (xiii) Лавабо комплет со додатоци (набавка и монтажа)
   (xiv) Поликолор (за освежување на ѕидови)
   (xv) Мрсна боја (за премаз на внатрешна столарија – врати и прозори и радијатори)

2. **Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Крушево** доби финансиски средства од Министерството за труд и социјална политика во рамки на проект финансиран со кредит од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), односно во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги, во насока на имплементација на Договорот за грант бр.2.5/2022 за развој на социјалната услуга - помош и нега во домот и планира да искористи дел од средствата за исплата, по однос на договор за адаптација на простор. За таа цел Ви ја доставуваме и оваа покана за понуда.

3. Потребно е да доставите понуда за секоја ставка дадена во тендерската документација/барање за понуди. Цените ќе бидат евалуирани за сите ставки заедно.

   Еден понудувач не може да достави повеќе од една понуда, ниту пак алтернативна понуда.

4. Вашата понуда во затворено плико потребно е да ја доставите на:

   **ул. Илинденска бр.13а, 7550 Крушево**

5. Понудата треба да ја доставите на македонски јазик и истата треба да биде пропратена со соодветна техничка документација и каталози или други печатени материјали или релевантни информации за секојаставка за која сте понудиле цена. Набавката ќе се спроведе во согласност со "Прописите за набавки на Светска Банка за финансирање на инвестициски проекти (ФИП) - набавки за ФИП за стоки, градежни работи, неконсултантски и консултантски услуги, (Прописи) од јули 2016 година, ревидирано во ноември 2017 година".

6. Рокот до кој давателот на услугата (во понатамошниот текст: купувач) треба да ги прими понудите на адресата наведена во точка 4 е: **20.03.2023 до 16:00 часот.**

7. Понудата треба да ја доставите согласно долунаведените инструкции и условите за набавка дадени во прилог.

Понудата се состои од пополнети и потпишани:

- Образец на понуда;
- Услови за набавката и Спецификација.

Понудата треба да биде пополнета согласно следниве инструкции:

a. ЦЕНИ:
b.

Цените потребно е да бидат изразени во македонски денари со вклучен одделно прикажан ДДВ (каде што е применлив ДДВ), во вкупен износ за испорака на следната адреса:
**ул. Илинденска бр.13а, 7550 Крушево.**

б. ЕВАЛУАЦИЈА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР:

Понудите кои ги исполнуваат барањата наведени во техничката спецификација ќе бидат евалуирани, така што ќе се спореди нивната цена до крајното место за испорака.

При евалуирањето, работодавачот за секоја понуда ќе ја одреди евалуираната цена, преку корекција на евентуалните аритметички грешки и тоа на следниов начин:

- онаму каде што постои отстапување помеѓу износите изразени како броеви и како зборови, износот даден со зборови ќе се земе како точен;
- онаму каде што постои отстапување помеѓу поединечната цена и вкупната цена кај одредена ставка, кое настанало како резултат на множењето на поединечната цена со количината, поединечната цена онака како што е понудена ќе се земе за точна.

Доколку понудувачот не ја прифати корекцијата, неговата понуда ќе биде одбиена.

Напомена: Услов за склучување на договор за набавка со избраниот понудувач ќе биде достава од страна на понудувачот на Документ за регистрирана дејност издаден од Централниот регитар на РСМ како доказ дека е регистриран за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот најмалку 1 година пред датата на достава на понудата.

Договор ќе биде склучен со понудувачот кој што доставил понуда која во најголема мера ги исполнува барања на набавката и е со најниска евалуирана цена.

ВАЖНОСТ НА ПОНУДАТА: Вашата понуда има важност 45 (со зборови: четриесетипет) дена од крајниот рок за доставување на понудата, како што е наведено во точка 6 на оваа покана.

Дополнителни информации може да побарате на:

**Софија Николоска**

Телефон: **071/379-920**

Е-пошта: **krusevo@redcross.org.mk**

8. Мониторинг (спроведување контроли и ревизии)

8.1 Понудувачот е запознаен и согласен да се придржува до насоките дадени од страна на работодавачот кои се во согласност со позитивните прописи, применливи за местото каде се врши испораката на стока.

8.2 Понудувачот е запознаен и согласен да обезбеди неговите под-договорачи и консултанти да дозволат Светска Банка (во понатамошниот текст: банка) и/или лицата назначени од нејзина страна да ги проверат канцелариите на Понудувачот и сите негови сметки и документи кои се поврзани со исполнувањето на договорот и достава на понудата, како и да направат проверка (ревизија) на таквите сметки и документи од страна на ревизори назначени од банката, доколку банката истото го побара. Понудувачот како и неговите под-договарачи и консултанти потребно е да ја имаат во предвид точката 4 од Договорот - Измама и корупција, со која меѓудругото се забрануваат активности кои се со намера да го попречат остварувањето на правата на банката за спроведување мониторинг, и истите претставуваат основа за раскинување на договорот (како и за прогласување на неподобност на добавувачот, во согласност со правилата и процедурите на банката, во делот кој се однесува на санкции).

Со почит,

Софија Николоска

_________________.2023 година

**ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА**

До **Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Крушево**

Ја доставуваме оваа понуда за **адаптација на простор, референтен број на набавка 2.5/2022** во согласност со Условите за набавка кои се прилог на овој образец на понуда на вкупна вредност од _____________________ (со зборови: ________________________________________________ денари) со ДДВ. Ви нудиме изведба на бараните работи во рокот предвиден со тендерската документација.

Потврдуваме дека сме запознаени дека не сте обврзани да ја прифатите најниската или било која понуда која ќе ја добиете.

Потврдуваме дека оваа понуда е соодветна на барањето за важност на понудатанаведено во тендерската документација (покана за доставување понуда).

Одговорно лице/Овластен потпис ______________________

Име и презиме на одговорното лице/овластениот потписник ________________

*) Напомена -Формата на понуда потребно е да биде пополнета и потпишана (потпис и печат)

Назив на понудувачот Адреса

Телефонски број за контакт Е-маил

Број на набавка: **1**

1. Технички опис на набавката

Потребно е реновирање на просториите на Црвен крст Крушево, на ул. Илинденска бр.13а во Крушево. Реновирањето опфаќа комплетно реновирање на тоалетот, кој моментално е делумно во функција, а подразбира менување на санитарија и ѕидни и подни плочки и инсталирање на тавански аспиратори. Подобрување на безбедноста на објектот преку промена на таван, изработен од гипс картон со алуминиумска подконструкција. Санација на под во влезен ходник, дел со подни плочки и дел со ламинат и лајсни. Освежување на просторот – молерај на ѕидовите и премачкување на внатрешната столарија (врати и прозорци) и радијатори со бела мрсна боја.

Скица:




Адаптацијата опфаќа:

- промена на дотраена внатрешна опрема;
- изработка на таван од гипс картон;
- поставување на подна подлога и подни и ѕидни плочки;
- поставување на санитарна галантерија;
- молерај на просторот;
- премачкување на внатрешна столарија на радијатори.

2. Предмер Пресметка

| 3. Поз | Ознака | Опис на Позиција | Мера | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | Адаптација на простор со набавка, транспорт и монтажа на опрема | | | | |
| 1.1 | | Набавка, транспорт и монтажа на гипс-картонски плафон монтиран на алуминуимска подконструкција со минимално намалување на висината на корисниот простор. | $m^2$ | 70 | | |
| 1.2 | | Набавка, транспорт и монтажа на таванска украсна гипсана лајсна. | m’ | 80 | | |
| 1.3.1 | | Набавка, транспорт и монтажа на светилка за надградна монтажа, LED панел со димензии не поголеми од 600x600mm, моќност не поголема од 45W и светлосен флукс не помал од 3600lm. Температура на боја од 4000K. Степен на заштита IP20, Отпорност на удар IK02. CE сертификат за квалитет. | парче | 6 | | |
| 1.3.2 | | Набавка, транспорт и монтажа на светилка за надградна монтажа, LED панел со димензии не поголеми од 330x330mm, моќност не поголема од 22W и светлосен флукс не помал од 2100lm. Температура на боја од 4000K. Степен на заштита IP20, Отпорност на удар IK02. CE сертификат за квалитет | парче | 6 | | |
| 1.4 | | Набавка, транспорт и монтажа на подна подлога – ламинат, Класа 33 за професионална употреба составен од следните компоненти):<br>- ламинат со минимална дебелина д=10мм;<br>- филц 2мм;<br>- градежно лепило за монтажа на лајсни;<br>- алуминиумска преодна лајсна 30мм, л=800мм. | $m^2$ | 8 | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.5 | | Набавка, транспорт и монтажа на подна лајсна за ламинат со димензии: мин. висина h=8cm | m' | 16 | | | |
| 1.6 | | Набавка, транспорт и поставување на ѕидни керамички плочки во тоалет, со дебелина мин d=8 mm, прва класа. Во позицијата се вклучени лепилото за плочки и исполната на фугите со маса за фугирање. Во позицијата е вклучена и двокомпонентна еластична хидроизолација на цементно-полимерна основа во висина од 30 cm со нанесувањето со четка или крзнен ваљак во три слоја и соодветна обработка на продори и споеви на хор. и верт. површини во се според системското решение, со употреба на соодветни лајсни за намената. Типот на керамичка плочка и начинот на редење и фугирање е по избор на нарачателот. | $m^2$ | 30 | | | |
| 1.7 | | Набавка, транспорт и поставување на подни керамички плочки во тоалет, со дебелина d=10 mm, антиклизни мин R=9, прва класа. Во позицијата се вклучени лепилото за плочки и исполната на фугите со маса за фугирање. Во позицијата е вклучена и двокомпонентна еластична хидроизолација на цементно-полимерна основа со нанесувањето со четка или крзнен ваљак во три слоја во различни насоки и соодветна обработка на продори (сливник) и споеви на хор. и верт. површини во се според системското решение, со употреба на соодветни лајсни за намената. Типот на керамичка плочка и начинот на редење и фугирање е по избор на нарачателот. | $m^2$ | 12 | | | |
| 1.8 | | Изработка на полусува цементна кошулка со нивелација и израмнување на нерамнини пред лепење на подни плочки | $m^2$ | 12 | | | |
| 1.9 | | Набавка, транспорт и монтажа на фијансова ВЦ школка керамика прва класа комплет со гума и материјал за прицврстување на под и пластично казанче со пропратни додатоци | парче | 2 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за монтажа - комплет, со ЕК вентил за казанче | | | | |
| 1.10 | | Набавка, транспорт и монтажа на аспиратор за тоалет со димензии за монтажа Ф100mm/120mm 250V, 50Hz, IP45 | парче | 2 | | |
| 1.11 | | Набавка, транспорт и монтажа на умивалник керамика прва класа со димензии: ширина мин. L=48cm, комплет со додатоци за монтажа и рачна самостоечка батерија (мешач) за умивалник | парче | 1 | | |
| 1.12 | | Бојадисување на ѕидни површини со акрилна бела боја за внатрешна употреба нанесена согласно градежни норми | литри | 75 | | |
| 1.13 | | Премачкување на внатрешни површини (радијатори, столарија (врати/прозорци)) со мрсна бела боја. | литри | 35 | | |
| | | ВКУПНО | | | | |
| | | ДДВ | | | | |
| | | ВКУПНО СО ДДВ | | | | |

**(Забелешка: Во случај на отстапување помеѓу единечната и вкупната цена, единечната цена ќе се земе за точна)**

**Напомена:** Генерални забелешки

Генерално за сите позиции во овој предмер важи набавка транспорт и вградување на соодветните материјали и сето тоа треба да се пресмета во вкупната цена на позицијата.

Во постапката на изведбата да се употребуваат техничките упатства, препораки и детали на производителите кои се наведени или ако не се наведени да се употребуваат со исти или подобри карактеристики.

Во сите случаи каде за изведба има потреба од скеле важи позицијата набавка транспорт, монтажа и демонтажа со транспорт и сето тоа треба да се пресмета во вкупната цена на позицијата.

Во сите случаи каде за изведба има потреба од други помошни конструкции и елементи важи позицијата набавка транспорт, монтажа и демонтажа со транспорт и сето тоа треба да се пресмета во вкупната цена на позицијата.

Сите мерки потребни за вградување на елементите опфатени во позициите за градежно занаетчиски работи да се земат на лице место.

За сите наведени спецификации на материјалите важи „или еквивалентно на“ но притоа понудувачот/изведувачот треба со примери да докаже дека материјалот кој го нуди како „еквивалентен на“ за замена има подобри карактеристики од наведениот во предмерот.

Стоките кои се предмет на набавката, потребно е да се изработени во согласност со применливиот Законот за безбедност на производите и останатите релевантни позитивни прописи.

Гаранцијата за сите производи да е минимум 1 година, или како е препорачано од производителот. Сите материјали, бои, дезени и модели да се потврдат од страна на Купувачот.

Име на изведувачот________________________________________________

Овластен потписник____________________________________________

Место:

Дата:

**Образец на договор**

**Назив на Договор:** ____

**Број на договор:** ____

ОВОЈ ДОГОВОР е склучен на ден ________ година, помеѓу Црвен крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Крушево, од една страна (во понатамошниот текст: „Работодавачот") и ________________________________ од друга страна (во понатамошниот текст: „Изведувачот"). Договорот е склучен врз основа на повик за поднесување на понуди за ________број ______ согласно кој Изведувачот доставил понуда за изведување на градежните работи наведени во техничката спецификација, по која Работодавачот ја прифаќа Понудата на Изведувачот кој е потребно да ги изведе овие Работи, како и да и отстрани било какви грешки кои може да произлезат од нив.

Со овој Договор подетално се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со:

1. Изведувачот се обврзува да ги изврши работите детално опишани во предмерот, дел од понудата на изведувачот што претставува Анекс бр. 1 кон овој Договор, на професионален и стручен начин, согласно следните услови:

**а.** Отстранување на сите недостатоци во рок од 15 дена од денот на известувањето од страна на Работодавачот во периодот на извршување на договорот, како и на сите дефекти кои може да се појават во гарантниот период

**б.** Работодавачот го задржува правото да го раскине договорот поради незадоволителна изведба на работите 10 дена по достава на писмено известување. Доколку настане спречување на Договорот поради појава на војна или некој друг настан којшто не зависи од Работодавачот или Изведувачот), Работодавачот ќе издаде потврда за настанатото спречување за извршување на овој договор. Во тој случај, Работодавачот и Изведувачот имаат право да го раскинат овој договор, со достава на известување за раскинување на договорот и отказен рок од 30 дена, без финансиски последици врз било која од двете договорни страни.

**в.** Доколку Договорот се раскине поради грешка на Изведувачот, сите материјали и градежна опрема на градежната локација, привремени работи и други работи останууваат во сопственост на Работодавачот.

**г.** Изведувачот постојано ќе ги следи упатствата добиени од страна на Работодавачот.

**д.** Периодот за извршување на Договорот изнесува 45 (четриесетипет) календарски дена сметано од денот на попишување на договорот.

**ѓ.** Изведувачот потребно е да го фотографира објактот и условите во него пред и по завршување на реновирањето, и фотографиите треба да ги достави на Работодавачот најдоцна 2 дена по завршување на реновирањето.

е. Изведувачот потребно е да ја организира и изврши работата на начин на кој нема да биде попречено секојдневното фукционирање на институцијата.

ж. Во случај на измени во количините ќе се користат единечните цени наведени во договорот. Во случај на нови работи кои ќе бидат извршени по налог на Работодавачот, истите ќе бидат исплатени според цена која е заеднички утврдена од двете договорни страни, а доколку не може да се постигне согласност, Работодавачот ќе ја утврди единечната цена.

з. Овој договор ќе се изврши во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија.

ѕ. Изведувачот е одговорен за безбедно извршување на сите активности на локацијата.

и. Назначеното лице од страна на Работодавачот ќе спроведува редовни контроли (надзор) на спроведување на работите на терен во текот на изведбата за да утврди дали работите кои ги извршува Изведувачот се во согласност со спецификациите и го имаат потребниот квалитет назначени во спецификациите. Работодавачот нема да ги прифати оние работи кои не се во согласност со спецификациите и Изведувачот е должен да преземе итни дејствија за поправање на сите недостатоци согласно подточка (а).

ј. Било која од договорните страни може да го раскине договорот со достава на писмено известување, со отказен рок од 30 дена. Работодавачот е согласен да ги исплати работите кои се изведени до денот на раскинување на овој договор.

к. Исплатата на сите такси, даноци, царини и други давачки во согласност со законите на Република Северна Македонија е одговорност на Изведувачот.

л. Споровите кои може да произлезат помеѓу Работодавачот и Изведувачот во однос на договорот ќе се решаваат спогодбено. Доколку не може да се дојде до спогодбено решение, било која од договорните страни може да поднесе барање за решавање на спорот до Комората на овластени архитекти и инженери на Република Северна Македонија во согласност со позитивните прописи наведени во овој договор.

**2.** Работодавачот се обврзува да му ја исплати на Изведувачот договорната цена во износ од__________(со зборови:___________ ) на следниот начин:

100% од вредноста на извшените работи ќе плати во рок од 30 дена по достава на фактура , и по одобрување на истата од страна на Работодавачот, пресметана врз основа на поединечните цени и потрошените количини.

**3. Контроли и ревизии**

3.1 Изведувачот ќе ги следи инструкциите на Работодавачот кои се во согласност со законите кои се применуваат на местото каде што се наоѓа локацијата.

3.2 Изведувачот, како и подизведувачите ќе и дозволат на Банката и/или лицата или ревизорите назначени од страна на Банката да ги прегледаат и/или извршат ревизија на нивните сметки и записи и други документи поврзани со поднесувањето на Понудата за услуги и изведба на договорот. Непостапувањето согласно оваа точка претставува

забранета пракса која може да резултира во поништувањето на договорот и/или санкционирање од страна на Банката (утврдување на непогодност) според важечките одредби на Банката за санкционирање.

4. **Раскинување на договорот**

Работодавачот може да го раскине овој Договор доколку достави писмено известување до Изведувачот најмалку десет (10) работни дена претходно при настанувањето на следните случана:

(а) Доколку Изведувачот не ги отстрани грешките настанати при извршувањето на договорните обврски, во рок од седум работни дена по добивањето на известувањето или во оној рок којшто е одобрен од страна на Работодавачот во писмена форма;

(б) Доколку на Изведувачот му е отворена стечајна или ликвидациона постапка ли или стане несолвентен;

(в) Доколку Изведувачот, според мислење на Работодавачот или Банката, е вмешан во постапки на корупција, измама, тајни, принудни и опструктивни постапки (дефинирани според процедурите на Банката за санкционирање) при конкурирањето или при извршувањето на овој Договор.

(г) Доколку Работодавачот одлучи да го раскине Договорот во согласност со своето дискреционо право.

5. **Измама и корупција**

Ако Работодавачот утврди дека Изведувачот и/или било кој од неговите вработени, или претставници или подизведувачи, под-консултанти, вршители на услуги, добавувачи и / или нивните вработени се дел од постапки на корупција, измама, тајни, принудни или опструктивни постапки при процесот на тендерската постапка за добивање на договорот или при неговото извршување, тогаш Работодавачот има право да го раскине Договорот во рок од 14 дена откако ќе достави писмено известување до Изведувачот и да го побара да се отстрани Изведувачот од локацијата при што ќе важат одредбите од точка 4 доколку оваа точка е применлива.

Потврдуваме дека страните се согласиле овој договор да стапи на сила на датумот наведен погоре.

| Потпис и печат на Работодавачот: | Назив на Изведувачот: |
| --- | --- |
| ______________________ | ЗА И ВО ИМЕ НА<br>Црвен крст на РСМ – ОО Крушево<br>______________________ |